**ТРАЈКОВСКА Елена**
**МИТРОВИЌ Давид**

**УДК:** 342.727:341.24
316.647.5:341.24
316.647.5:004.738.5]:341.24(4-672ЕУ)

## РЕГУЛИРАЊЕ НА ГОВОР НА ОМРАЗА ВО ЕУ

**Апстракт:** Напредокот на интернет технологиите (ИТ) и онлајн социјалните мрежи направија многу придобивки за човештвото генерално, олеснувајќи ја достапноста на комуникациските алатки, како и можноста за напредок во целост на безбројни полиња од професионален живот, па сѐ до домаќинствата. Истовремено, постои темна страна која не доведе во ситуација да сведочиме или да бидеме (ин)директни жртви на говор на омраза. Говорот на омраза е навредлив вид комуникациски механизам што изразува одредена (специфична) идеологија на омраза, користејќи стереотипи при постоењето на истата. Сепак, концептот на говор на омраза навистина покренува многу тешки прашања: На што се однесува „омразата“ во говорот на омраза? Дали говорот на омраза може да биде насочен кон доминантните групи или по дефиниција е насочен кон угнетените или маргинализираните заедници? Колкава е штетата? И, можеби најпредизвикувачкото прашање, што може или треба да се направи за да се спротивстави на говорот на омраза? За да се воспостави одреден ред потребна е контролата на говорот на омраза што може да се овозможи со ефективно користење на различни национални и меѓународни правни рамки. Европската Унија донесе правна легислатива со цел елиминирање на говорот на омраза при користење на социјалните платформи кои ќе стапат во сила од 2023 година.

***Клучни зборови:*** *говор на омраза, социјални платформи, ЕУ, правна легислатива, елиминирање на говор на омраза.*

**TRAJKOVSKA Elena**
**MITROVIC David**

**UDK:** 342.727:341.24
316.647.5:341.24
316.647.5:004.738.5]:341.24(4-672ЕУ)

## HATE SPEECH REGULATION IN EU

**Abstract:** Advances in Internet technologies (IT) and online social networks have made many benefits for humanity in general, facilitating the availability of communication tools as well as the possibility of advancement in the whole in countless fields from professional life to households. At the same time, the dark side of these benefits has put us in a situation where we witness or are (in)direct victims of hate speech. Hate speech is an offensive type of communication mechanism that expresses a certain (specific) hate ideology using stereotypes in its existence. However, the concept of hate speech really raises very difficult questions: What does "hate" refer to in hate speech? Can hate speech be directed at dominant groups or is it by definition directed at oppressed or marginalized communities? What is the damage? And, perhaps the most challenging question, what can or should be done to counter the hate speech? To establish some order requires the control of hate speech which can be made possible by the effective use of various national and international

legal frameworks. The European Union has adopted legal legislation aimed at eliminating hate speech when using social platforms that will come into force from 2023.

***Keywords:*** *hate speech, social platforms, EU, legal legislation, eliminating hate speech.*

## ВОВЕД

Говорот на омраза е термин за кој сè уште не постои универзално прифатена дефиниција според меѓународното право за човекови права. Концептот е сè уште нашироко оспоруван, особено во однос на слободата на мислење и изразување, недискриминацијата и еднаквоста. Она што е карактеристично за говорот на омраза е тоа што може да се пренесува преку која било форма на изразување, вклучувајќи слики, цртани филмови, мемиња (memes*)

[1], предмети, гестови и симболи и може да се шири офлајн или онлајн.

Најчесто, говорот на омраза е дискриминаторски кој е пристрасен, фанатичен или нетолерантен, што во себе содржи предрасуди, презир или понижувачка содржина насочена кон поединец или група, а воедно се повикува на вистинските или перципираните „фактори на идентитет“, вклучувајќи: „религија, етничка припадност, националност, раса, боја, потекло, пол“, но и карактеристики како јазик, економско или социјално потекло, попреченост, здравствената состојба или сексуалната ориентација, и многу други.[2] Сепак, обемот и влијанието од говор на омраза во денешно време се засилени со новите технологии на комуникација, до тој степен што говорот на омраза стана еден од најчестите методи за ширење на реторика и идеологии на поделби на глобално ниво и загрозување на мирот.

Напредокот на интернет мрежите направија до сега невидени придобивки за човештвото. Во исто време, темната страна на овој тренд/придобивка доведе до зголемен говор на омраза и криминал од омраза (вклучувајќи го и тероризмот) како најчести и најмоќни закани на глобално ниво. Практикувајќи го говорот на омраза, сфаќаме дека се работи за непосакуван комуникациски механизам кој изразува идеологија на омраза користејќи стереотипи.[3]

Во денешно време, социјалните мрежи како што се Twitter, LinkedIn, Facebook и YouTube се користат за истата цел: пренесување на информации од една точка до друга. Говорот со својата нетривијалност тоа го овозможува преку ширење на идеи, верувања, чувства и која било друга форма на информации во ИТ свет. Генерално вербалните и симболичните информации се користат за комуникација преку социјалните мрежи. Со намера да се балансира општественото подобрување и индивидуалните права, говорот може биде како начин на слобода на изразување, а неговата непосакувана варијанта како говор на омраза. [4] Слободата на изразување и слободата на говор се потребни за уживање на демократските права на поединецот преку изразување и размена на сопствената мисла, но може рефлектира негативно и да биде една од причините за појава на говор на омраза.

[1] *Единица на културолошки информации кои се шират со имитација. Особено препознатливи во интернет светот.
[2] UN, Understanding hate speech. What is hate speech? https://www.un.org/en/hate-speech/understanding-hate-speech/what-is-hate-speech (пристапено на ден 03.11.2022).
[3] Chetty, N., & Alathur, S. (2018). Hate speech review in the context of online social networks. Aggression and Violent Behavior, 40, 108–118. doi:10.1016/j.avb.2018.05.003.
[4] Ibid.

Ширењето на говорот на омраза создава ситуација за тестирање на границите на слободата на говорот. Со говорот на омраза се справува со спроведување на различни прописи во различни земји. Говорот на омраза е (невидливо) оружје кое се спротивставува на слободата на говорот и со истото се кршат основните права на човечкото битие. Поголемата слика кон која се цели со овозможување на непречна слобода на изразување е да му помогне на секој поединец да постигне самоисполнување, да ја открие самовистината за себе и да се зајакне, да воспостави прифатлив баланс помеѓу стабилноста и промените во општеството. Исто така, му овозможува на секој да создаде свои верувања и слободно да ги пренесе на другите (Bhandari и Bhatt, 2012).

Говорот на омраза делува како пречка за постигнување на овие цели. Влијанието на говорот на омраза не е исто во сите случаи, зависи од инволвираната личност, содржината, локацијата и околностите. Ова укажува дека: кој, што, каде и околноста го одредуваат влијанието на говорот на омраза и неговата контрола. Говорот на омраза може директно или индиректно да им наштети на жртвите.[5]

## 1. Меѓународни механизми во справување со говор на омраза

Ширењето на онлајн содржини со говор на омраза, заедно со лесно преносливите дезинформации што се овозможуваат со дигиталната комуникација, покрена невидени предизвици за опстојување на едно здраво општество. За разлика од традиционалните медиуми, говорот на омраза кој се шири преку онлајн платформите може да се произведува и споделува лесно, по „*ниска цена*” и анонимно. Има потенцијал да допре до глобална и разновидна публика во реално време за многу кратко време, а дополнителна спорност е тоа што релативната трајност на онлајн содржините кои во себе содржат омраза е исто така проблематична, бидејќи може повторно да се појави и (повторно) да стекне популарност со текот на времето. Разбирањето и следењето на говорот на омраза низ различни онлајн заедници и платформи е клучно во однос на обликувањето на нови ставови и одговори во спречувањето на говорот на омраза. Но, напорите често се речиси неизводливи поради огромниот обем на феноменот, технолошките ограничувања на автоматизираните системи за следење и недостатокот на транспарентност на онлајн компаниите.[6] Па токму поради ваквите предизвици се покрена иницијатива за вршење на поголема контрола врз корисниците на Интернет кои шират тензичи содржини и поттикна прашања за нивната улога и одговорност во нанесувањето штета во реалниот свет. Сето тоа резултираше со поттикнување некои држави да почнат да бараат одговорност од интернет компаниите за модерирање и отстранување на содржини кои се сметаат за противзаконски, предизвикувајќи загриженост за ограничувањата на слободата на говорот и цензурата.

Генералниот секретар на Обединетите нации, Антонио Гутереш, во јуни 2019 година, промовираше Стратегија и план за акција на Обединетите нации за говорот на омраза, со порака: *„Адресирањето на говорот на омраза не значи ограничување или забрана на слободата на говорот. Тоа значи спречување на говорот на омраза да ескалира во нешто поопасно, особено поттикнување на дискриминација, непријателство и насилство, што е забрането со*

[5] Seglow, J. (2016). Hate Speech, Dignity and Self-Respect. Ethic Theory Moral Prac 19, 1103–1116 https://doi.org/10.1007/s10677-016-9744-3

[6] [GLOBAL ISSUE] The Power of Words. https://asez.org/the-power-of-words/ (пристапено на ден 03.11.2022).

*меѓународното право"*, но и дека *„Социјалните медиуми обезбедуваат глобален мегафон за омраза".*[7]

Имено, Стратегијата и акциониот план поставуваат стратешки насоки за самиот систем на ОН, вклучително и начините на кои Секретаријатот на ОН може да ги поддржи постојаните координатори на ОН во справувањето и спротивставувањето на говорот на омраза.

Нејзините цели се двојни: прво, да ги зајакне напорите на Обединетите нации за справување со основните причини и двигатели на говорот на омраза; и второ, да овозможат ефективни одговори на Обединетите нации на влијанието на говорот на омраза врз општествата. Се состои од заложби за дејствување од страна на системот на ОН и се заснова на почитување на слободата на мислење и изразување, поддржувајќи повеќе говор, а не помалку, како клучно средство за справување со говорот на омраза.[8]

Информациите кои се нудат од правен апсект во однос на говорот на омраза (hate speech) можат да се најдат во меѓународно прифатени декларации и конвенции кои ги поддржуваат основните права на секое човечко суштество кои се однесуваат на меѓународно загарантирани човекови права. Членот 19 од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) содржи „Секој има право на слобода на мислење и изразување; ова право вклучува слобода да се има мислење без мешање и да се бараат, примаат и пренесуваат информации и идеи преку било какви мрежи и без оглед на границите".[9]

Лесно е воочлив фактот дека целиот универзум е, условно кажано, договорен за непречно остварување на слободата на изразување на човекот. Затоа за ефикасно и соодветно користење на слободата на говорот, согласно УДЧП[10], „Во остварувањето на своите права и слободи, секој ќе биде предмет само на такви ограничувања што се утврдени со закон исклучиво за целите на обезбедување на соодветно признавање и почитување на правата и слободите на другите и за исполнување на праведните барања на моралот, јавниот ред и општата благосостојба во едно демократско општество". Или накратко објаснето: правата на човекот се граничат со правата на другиот. Сè додека не се повредуваат правата на другата личност, непречно се остваруваат правата на секој човек. Слично на Универзална декларација за човековите права, и други меѓународни тела ги кажаа своите ставови за правата на слободата на говорот т.е. ограничувањата на говорот на омраза преточено во своевидини правни акти.

Резиме на правни акти од меѓународни тела за права на слободен говор и/или ограничувања на говорот на омраза е наведни во Табела 1. (UDHR, 1948; ECHR, 1950; ICCPR, 1976 година; ICERD, 1969).**Табела 1.** *Меѓународни правни рамки за говор на омраза*

| | Меѓународен документ | Година на стапува | Слобода на израување | Права на слободно изразување/слободен говор | Говор на омраза | Правни ограничувања на говор на омраза |
|---|---|---|---|---|---|---|

[7] Целосен говор на Генералниот секретар на ОН може да го проследите на следниот линк: UN, United Nations Strategy and Plan of Action on Hate Speech. https://www.un.org/en/genocideprevention/documents/advising-and-mobilizing/Action_plan_on_hate_speech_EN.pdf (пристапено на ден 03.11.2022).

[8] UN, United Nations Strategy and Plan of Action on Hate Speech, https://www.un.org/en/genocideprevention/hate-speech-strategy.shtml (пристапено на ден 03.11.2022).

[9] Повеќе на: UN (1948) Universal Declaration on Human Rights. https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights (пристапено на ден 07.11.2022).

[10] Универзална декларација за човековите права (1948). Член 29 ст. 2.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ње во сила | Член бр. | | Член бр. | |
| 1. | Универзална декларација за човековите права (UDHR) | 1948 (достапен линк: https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights) | Чл. 19 | • Право на слободно мислење и изразување<br>• Слободно истражување /пристап до информации и идеи<br>• Примање информации и идеи<br>• Пренесување на информации и идеи | Чл. 29, ст.2 | • Законот ги одредува ограничувањата<br>• Ограничувањата се наменети за почитување на правата и слободата на другите<br>• Ограничувањата се за да се постигне морал, јавен ред и благосостојба на општеството. |
| 2. | Европска конвенција за човекови права (ECHR) | 1950 (достапен линк: https://www.echr.coe.int/documents/convention_eng.pdf) | Чл. 10, ст.1 | • Право на слободно мислење и изразување<br>• Примање информации и идеи<br>• Пренесување на информации и идеи | Чл. 10, ст.2 | • Овозможување на национална безбедност, територијален интегритет и јавна безбедност<br>• Превенција и спречување неред или криминал<br>• Заштита на здравјето или моралот на човечкото битие<br>• Заштита на угледот и правата на другите<br>• Спречување во разоткривање на доверливи информации<br>• Одржување на авторитет и непристрасност на судството |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Меѓународен пакт за граѓански и политички права (ICCPR) | 1976 (достапен линк: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-covenant-civil-and-political-rights) | Чл. 19, ст.2 | • Право на слободно мислење и изразување<br>• Примање информации и идеи<br>• Пренесување на информации и идеи | Чл. 19, ст.3 | • Почитувањето на правата или угледот на другите<br>• Заштита на националната безбедност или на јавниот ред т.е. на јавното здравје и морал |
| | | | | | Чл. 20, ст.1 | • Се забранува пропаганда за војна |
| | | | | | Чл. 20, ст.2 | • Се забранува ширење на национална, расна или верска омраза |
| 4. | Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (ICERD) | 1969 (достапен линк: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-convention-elimination-all-forms-racial) | -- | -- | Чл. 4 | • Осудување на било какви пропаганди засновани на идеи за супериорност на една раса или група на лица со одредена боја или етничко потекло<br>• Осудување на било каков обид да се оправда или промовира расна омраза и дискриминација во која било форма<br>• Се обврзуваат земјите-потписнички да усвојат непосредни и позитивни мерки наменети за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | искоренување на секое поттикнување или акти на секаква форма на дискриминација. |

Од табелата се забележува дека речиси сите наведени документи вклучувајќи ги и Универзална декларација за човековите права (1948), и Европската конвенција за човекови права (1950) и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1950) го имаат истиот став во однос на остварување на правото на слободата на говорот. Она што е интересно за Универзална декларација за човековите права е тоа што се наведуваат минимални и општи ограничувања за говорот на омраза. Сепак Европската конвенција за човекови права оди неколку чекори подалеку, со што ги усовршува условите и ги проширува ограничувањата за да опфати повеќе фрази за говорот од омраза како закана за националната безбедност, територијалниот интегритет, заштита на информации од доверчив карактер, зачувувајќи ја непристрасноста и судската власт. Додека пак, Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (1969) наведува повеќе за говорот од омраза со тоа што ги забранува идеите што се шират за постоење на расна супериорност, без разлика дали ова ширење веројатно ќе доведе до одредено насилство, непријателство или нема да биде проследено со поголеми последици врз поединец т.е. поголема специфична група. Од ваквата (мини) анализа направена за правните рамки на меѓународните тела се покажува дека ставовите на сите договори се речиси исти, со некои дополнителни ограничувања на говорот на омраза во оваа конвенција.

## 2. Легислативни акти на Европската Унија за регулирање на говорот на омраза

И покрај тоа што некогаш постои доза на збунетост поврзано со целосно и севкупно дефинирање на говорот на омраза како резултат на дебатата за слободата на говорот, ЕУ успеа[11], да направи голем чекор во 2008 година[12] со донесување на Рамковна одлука за борба против расизмот и ксенофобијата преку Кривично право. Како што е рефлектирано во самиот наслов, се забележува дека не станува збор за документ кој се занимава со говор на омраза сам по себе, туку, со некои од феномените кои се во основата на таквиот говор (говорот на омраза).

Сепак, преговорите од страна ЕУ за справување и спречувањето на говорот на омраза се одолговлекуваа многу години и, особено, поради постоењето на значајни разлики во правните традиции на земјите-членки на ЕУ *vis-à-vis* слобода на говорот. Различните сфаќања

[11] Европска комисија. 2014. Report from the Commission to the European Parliament and theCouncil on the Implementation of Council Framework Decision 2008/913/JHA on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia by means of criminal law. Извештај на Европската комисија. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex:52014DC0027 (пристапено на ден 07.11.2022).

[12] Совет на Европска Унија. 2008. Council Framework Decision 2008/913/JHA of 28November 2008 on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia bymeans of criminal law. Службен весник на Европската Унија L328/55. http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2008:328:0055:0058:en:PDF. (пристапено на ден 07.11.2022).

кои постојат во однос на говорот на омраза исто така значат дека, без оглед на правното регулирање на ниво на ЕУ, постои мала кохерентност меѓу земјите-членки на ЕУ за дефиницијата за говор на омраза.[13] За таа цел, во февруари 2017 година, Европскиот парламент поднесе предлог за резолуција за воспоставување заедничка правна дефиниција на говорот на омраза во ЕУ.[14] Во оваа насока, се донесе C.O.N.T.A.C.T. (Creating an Online Network, monitoring Team and phone App to Counter hate crime Tactics) проектот и инволвирање на 10[15] ЕУ земји-членки[16], а овозможи да се направи увид како секоја земја вкучена во проектот пристапува кон говорот на омраза на децентрализирано (земја-членка) ниво и утврдиње на можните конвергенции и разидувања меѓу самите земји-членки.

## 3. Online говор на омраза во ЕУ

Она за што се смета за значителен напредок во рамките на ЕУ се донесувањето на двата закони за да се создаде побезбеден дигитален простор каде што се заштитени основните права на корисниците и да воспостават рамноправни услови за игра на бизнисите во дигиталниот простор: Регулатива за дигитални услуги (Digital Services Act) и Регулатива за дигитални пазари (Digital Markets Act)[17]. Имено, Европската комисија сметаше дека е неопходно да се воспостават јасни правила во „онлајн светот", со што ја истакна потребата да се регулираат дигиталните услуги во ЕУ. Така, во март и април, 2022 година се постигнаа договорите клучни за заштита на корисниците. Она на што е фокусирана ЕК да ѝ овозможи на Европа непречено да го зајакне својот дигитален суверенитет и да постави стандарди, како и да функционира и за луѓето и за бизнисите, притоа помагајќи да се постигне целта за климатски-неутрална Европа до 2050 година.[18]

Регулативата за дигитални услуги, донесен на 23 април, 2022 година, променувајќи ги онлајн правилата во 27 земји-членки на ЕУ, има за цел да се контролираат дезинформациите, говорот на омраза, и другите штетни онлајн содржини, притоа принудуваќи ги технолошките компании, како што се Facebook, Google и Amazon да вршат построг надзор, но и да им олеснат на корисниците со пријавување на проблемите и во случај на непочитување, т.е. кршање на основни човекови права да биде казнет сторителот на делото. Двете регулативи имаат за цел да се создаде побезбеден дигитален простор во кој се заштитени основните права на сите корисници на дигитални услуги, но и да се воспостават рамноправни услови за да се

[13] Alkiviadou N. (2017). Regulating Hate Speech in the EU. Online Hate Speechin the European Union A Discourse-Analytic Perspective. https://doi.org/10.1007/978-3-319-72604-5 pg. 6.
[14] Европскиот Парламент. 2017. Motion for a European Parliament resolution on establishing acommon legal definition of hate speech in the EU. Документ на Европскиот парламент. http://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?pubRef=-//EP//TEXT+MOTION+B8-2017-0172+0+DOC+XML+V0//EN. (пристапено на ден 07.11.2022).
[15] Со исклучок на Велика Британија која не е веќе земја членка на ЕУ од 1 февруари 2020 година.
[16] СТанува збор за следните 10 земји: Кипар, Данска, Грција, Италија, Литванија, Малта, Полска, Романија, Шпанија и ВБ (поранешна земја-членка на ЕУ).
[17] EC. The Digital Services Act package. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/digital-services-act-package (пристапено на ден 13.11.2022).
[18] EC. 2050 long-term strategy. https://climate.ec.europa.eu/eu-action/climate-strategies-targets/2050-long-term-strategy_en (пристапено на ден 13.11.2022).

поттикнат иновациите, растот и конкурентноста, како на единствениот европски пазар, така и на глобално ниво.[19]

### *3.1. Следни чекори*

Регулативата за дигитални услуги (Digital Services Act) стапи на сила на 1 ноември 2022 година, а Регулативата за дигитални пазари (Digital Markets Act) ќе влезе во сила на 16 ноември 2022 година, со што Регулативата за дигитални услуги ќе биде директно применлив низ ЕУ и ќе се применува петнаесет месеци т.е. од 1 јануари 2024 година, т.е. од моментот на стапување во сила, додека пак Регулативата за дигитални пазари на 12 октомври 2022 година, се објавени во Службениот весник на ЕУ. Иако DMA сега стапи на сила, сепак ќе стане применлив шест месеци подоцна. Назначените Gatekeepers[20] ќе имаат најмногу шест месеци по одлуката за назначување од страна на Комисијата да обезбедат усогласеност со обврските утврдени во Регулативата за дигитални пазари.

*Приказ бр. 1 Временска рамка за Регулативата за дигитални пазари (Digital Markets Act.)*




**сликата е преземена од официјалната страна на Европската комисија.*

## ЗАКЛУЧОК

Слободата на изразување на секој граѓанин и на медиумите игра основна улога во општеството. Тоа се смета за еден од столбовите на демократското општество и суштински предуслов за обезбедување заштита на другите човекови права на поединецот. Всушност, слободата на секој граѓанин слободно да ги изразува своите идеи негува дијалог што му служи не само на поединецот, туку и на општеството како целина. Во многу европски земји, слободата на изразување е камен-темелник на демократскиот поредок, што значи дека не е

[19] EC. The Digital Services Act package. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/digital-services-act-package (пристапено на ден 13.11.2022).
[20] Станува збор за онлајн компании кои ќе бидат назначани од страна на ЕК за следање на неадекватни активности од страна на корисниците и компаниите кои шират дезинформации, говор на омраза или на било кој друг начин се повредуват човековите права, а ја известуваат Комисијата за сите активности со доследни и релевантни информации кои ги добиваат при работењето.

можно да се зборува за демократија во отсуство на ефективен проток на идеи и споредба меѓу нив. Наспроти слободата на изразување, говорот на омраза, вид на говор што ги таргетира членовите на одредени групи - типично малцинските групи - вклучувајќи ги расните групи, етничките групи, религиозни групи и групи дефинирани врз основа на сексуална ориентација. Се работи за групи кои повеќето од нив веќе се заштитени со одреден правен акт, било национален или Европски, или меѓународен акт за спречување на говор на омраза, кои биле подложени на дискриминаторски третман во минатото. За да се одговори на распространетоста на говорот на омраза како таков, многу правни системи забрануваат одредени форми на говор на омраза и наметнуваат кривични или граѓански санкции за кршење на законските рестрикции. Тие системи треба да се справат со сериозниот предизвик за дефинирање на категоријата говор на омраза, да ги исцртаат нејзините граници и да ги одредат санкциите. Онлајн платформите создадоа значителни придобивки за потрошувачите и иновациите и помогнаа внатрешниот пазар на Европската Унија да стане далеку поефикасен. Тие исто така го олеснија прекуграничното тргување во и надвор од Унијата, а со ова се отворија нови можности за различни европски бизниси и трговци преку олеснување на нивното проширување и пристап до нови пазари. Дополнително, Европската Унија донесувајќи ги двете регулативи годинава, Регулативата за дигитални услуги (Digital Services Act) и Регулативата за дигитални пазари (Digital Markets Act, направи чекор во елиминација на говорот на омраза во онлајн просторот, како и контрола на дезинформациите кои се шират. И покрај низата насочени, секторски специфични интервенции на ниво на ЕУ, сѐ уште има значителни празнини и правни оптоварувања што треба да се решат. Имајќи ги предвид овие случувања, Европа речиси секогаш ќе биде во потрага на воспоставување на модерна правна рамка што ќе ја осигурува безбедноста на корисниците на интернет, да се воспостави управување со заштитата на основните права во прв план и ќе одржува фер и отворена онлајн платформа за опкружување, како во моментот, така и за во иднина.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**

[GLOBAL ISSUE] The Power of Words. https://asez.org/the-power-of-words/

Alkiviadou N. (2017). Regulating Hate Speech in the EU. Online Hate Speechin the European Union A Discourse-Analytic Perspective. https://doi.org/10.1007/978-3-319-72604-5 pg. 6.

Chetty, N., & Alathur, S. (2018). Hate speech review in the context of online social networks. Aggression and Violent Behavior, 40, 108–118. doi:10.1016/j.avb.2018.05.003.

EC, 2050 long-term strategy. https://climate.ec.europa.eu/eu-action/climate-strategies-targets/2050-long-term-strategy_en.

EC, The Digital Services Act package. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/digital-services-act-package.

Seglow, J. (2016). Hate Speech, Dignity and Self-Respect. Ethic Theory Moral Prac 19, 1103–1116 https://doi.org/10.1007/s10677-016-9744-3.

UN, (1948) Universal Declaration on Human Rights. https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights

UN, Understanding hate speech. What is hate speech? https://www.un.org/en/hate-speech/understanding-hate-speech/what-is-hate-speech

UN, United Nations Strategy and Plan of Action on Hate Speech. https://www.un.org/en/genocideprevention/hate-speech-strategy.shtml.

Европска комисија. 2014. Report from the Commission to the European Parliament and theCouncil on the Implementation of Council Framework Decision 2008/913/JHA on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia by means of criminal law. Извештај на Европската комисија. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex:52014DC0027.

Европскиот Парламент. 2017. Motion for a European Parliament resolution on establishing acommon legal definition of hate speech in the EU. Документ на Европскиот Парламент. http://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?pubRef=-//EP//TEXT+MOTION+B8-2017-0172+0+DOC+XML+V0//EN.

Совет на Европска Унија. 2008. Council Framework Decision 2008/913/JHA of 28November 2008 on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia bymeans of criminal law. Службен весник на Европската Унија L328/55. http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2008:328:0055:0058:en:PDF.

Универзална декларација за човековите права (1948). Член 29 ст. 2.